РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено | 24.09.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/210 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **хармоника** за шесто одделение на шестгодишното основно музичко и балетско образование.

## НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ХАРМОНИКА

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2013

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## ВОВЕД

Инструментот хармоника, иако релативно млад во однос на останатите класични инструменти, од настанувањето, поточно патентирањето на 6 мај 1829 година од страна на Цирил Демијан со синовите, бележи огромен и брз развој. Развојот се движел од моделите со разни големини и стандард басови, до хармониките со баритон басови од педесеттите години на минатиот век. Литературата што се пишува за хармоника е во подем, а применета на хармониката како солистички инструмент, дел од камерни состави, составен дел од голем симфониски оркестар е застапена ширум светот.

Современата концертна хармоника, совршена по конструкција, со прекрасна и силна звучност, ги задоволува високите барања и потреби на исполнителите на овој иструмент, а во рацете на маестралните изведувачи и потребите на слушателите-публиката.

Денес на универзитетите, колеџите и музичките школи ширум светот постојат оддели кои го изучуваат предметот хармоника факт кој зборува за местото на овој инструмент како рамноправен член на семејството на класични инструменти.

Целта на наставата по хармоника е да се развие љубов кон инструментот и воопшто кон музиката. Да се оспособат учениците за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Наставната програма за хармоника е да се оспособи ученикот технички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички институции и да се изгради во добар сестран уметник.

**- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.**
**- Статус на предметот: задолжителен.**

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ ученичката:

- да продолжи да ја усовршува техниката на свирење на десна и лева рака, техниката на водење на мев и артикулацијата;
- да ја усоврши работата на интерпретација на делата обрнувајќи големо внимание на ознаките во нотниот текст, насловот на делото, карактерот и темпото на композицијата;
- да научи да изведува репетиција на интервали или акорди со помош на движење со зглобот во десната рака;
- да развива способност за изведба на различни видови артикулација при свирење двоглас во дискант;
- да научи како да изработи соодветен прсторед при свирење на двоглас или акорди во дискант;
- да демонстрира правилна изведба на „пунктирани“ ритмички фигури;
- да препознава и правилно изведува ритмичка фигура „дуола“;
- да запознае и примени повеќе видови на орнаменти-украси (мордент, единечен и двоен предудар и трилер);
- да ги знае и применува сите басови во системот „стандард-бас“;
- да научи при свирење на мелодија во лева рака да пронајде „најдобро решение“ со примена на енхармонска замена;
- да ги научи основните регистри на хармониката, нивната ознака и назив;
- да усоврши прецизна промена на регистрите при изведбата на композициите, особено при потреба на „проширување на дискантот“ со промена на регистри кои ја менуваат звучноста за октава пониско или повисоко;
- да демонстрира агогика при изведбата;
- да развива способност за читање „прима виста“ на полесни музички примери / фрази;
- да развива креативност при интерпретација на музичките дела, со поттикнување на истата преку звучни и описни примери од неговиот наставник;
- да изгради сопствен критички став после интерпретацијата на одредено дело и по секој јавен настап истиот да го продискутира со својот наставник;
- да научи да применува аудитивна и визуелна меморија за полесно совладување на материјата и учење да делата напамет;
- да го усоврши свирењето на скали.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА: МЕЛОДИКА И ТЕХНИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да продолжи да ја усовршува техниката на свирење на десна и лева рака, техниката на водење на мев и артикулацијата;<br><br>- да ја усоврши работата на интерпретација на делата;<br>- да научи да изведува репетиција на интервали или акорди со помош на движење со зглобот во десната рака;<br><br>- да развива способност за изведба на различни видови артикулација при свирење двоглас во дискант;<br><br>- да демонстрира правилна изведба на „пунктирани“ ритмички фигури;<br><br>- да препознава и правилното изведува ритмичка фигура | - Етиди во кои се разработуваат разни технички проблеми, особен акцент да се стави на обработка на технички вежби за усовршување на елементите кои ученикот послабо ги владее<br><br>- Етиди и технички вежби за совладување на елементите предвидени со наставната програма за VI одделение (двогас или акорди во дискант, пунктирани ритмички фигури, дуола, репетиција, украси, ...)<br><br>- Полифони композиции<br><br>- Циклични композиции<br><br>(Соната, свита /најмалку 3 | -Техника на свирење<br>- Водење мев<br>- Артикулација<br>- Интерпретација<br>- Динамичко нијансирање<br>- Репетиција<br>- Интервали<br>- Акорди<br>- Прсторед<br>- Дискант<br>- Пунктирани ритмички фигури<br>- Дуола<br>- Украси<br>- Стандард бас<br>- Акордски бас „намален 7“<br>- Енхармонска замена | **Активност бр.1**<br>Изведување на настава со особена одговорност и воспоставување на здрави темели за понатамошното школување, особено кај надарените и амбициозните ученици.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Учество и прикажување на изведување на настава со талентирани и добри ученици од повозрасните категории и години.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Посета на концерти на класична музика, не само на хармоника, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „дуола“;<br><br>- да усоврши прецизна промена на регистрите при изведбата на композициите, особено при потреба на „проширување на дискантот“ со промена на регистри кои ја менуваат звучноста за октава пониско или повисоко;<br><br>- да го развивие чувството на љубов кон музицирањето;<br><br>- да научи да изведува репетиција на интервали или акорди со помош на движење со зглобот во десната рака;<br><br>- да научи како да изработи соодветен прсторед при свирење на двоглас или акорди во дискант. | става- брз, бавен и брз/ или варијации)<br><br>- Пиеси со различен стил и карактер | - Проширување на дискант<br>- Регистри<br>- Агогика<br>- Прима виста<br>- Синхронизација<br>- Фразирање<br>- Видови меморија | туку и за сите останати инструменти и воспоставување дијалог за истите.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Организирање на јавни настапи и концерт на учениците од самиот почеток на изучувањето и напредувањето во изучување на предметот хармоника.<br><br>МЕТОДИ:<br>- монолошка<br>- дијалошка<br>- демонстративна<br>- аналитичка<br>- компаративна |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Основната задача на наставникот е кај ученикот да ја развие желбата за музицирање и љубовта кон музиката.

При изборот на делата и литература за инструментот хармоника наставникот треба да ги има предвид возраста, нивото и индивидуалните особености на ученикот, како и неговата способност и брзината на совладување на поставените задачи.

Наставниците по хармоника треба што поскоро, а особено во завршните години од музичкото образование, да ги насочуваат учениците да започнат да свират на хармоника со баритон басови.

Наставниот план овозможува многу слобода при изборот на литература за секој ученик поодделно. Обемот на наставната содржина не е бројчано пропишан бидејќи квантитетот не го обезбедува квалитетот во развојот на ученикот. За изборот на литературата и планираниот развој на ученикот е одговорен лично неговиот наставник.

Од умешноста на професорот, од неговата посветеност и ангажираност, како и смислата за мотивација и стимул на учениците ќе зависи конечниот исход и постигнување и исполнување на наставната програма за овој предмет во целост.

Предметот е непосредно поврзан со изучувањето на свирење на инструментот, но и со сите предмети од познавање и музичката писменост (солфеж, теорија на музиката, историја на музиката).

На неколку часови да се проследат аудио и видеозаписи од изведби на дела напишани за хармоника или дела во транскрипција.

**Наставни средства:**

- музички инструмент – хармоника;
- метроном.

## СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА

Во недостаток на школа за хармоника од македонски автор, внимателно да се одбере ЛИТЕРАТУРА која ќе одговара на потребата за совладување на бараните содржини во изучувањето на предметот хармоника за ШЕСТО одделение во основните музички училишта.

Како можна литература да се споменат и следниве:

- А. Факин: Школа за хармоника IV
- В. В. Терзиќ: Избрани композиции за завршните години од музичкото обазование
- В. Одак: Чудесниот свет на хармониката V и VI
- Онегин: Комплетен метод за изучување на хармоника
- J.С.Бах – Мали композиции (во транскрипција за хармоника)
- J.С.Бах – Двогласни инвенции
- Љ. Мициќ: Хармоника VII, VIII, IX и X
- М. Барачков: Пиеси за хармоника III
- В. Власов: Детски албум.

## 4. ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА

Наставникот е должен да ја планира наставата. Планирањето на наставата опфаќа годишно распределение и индивидуални планирања по ученик.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа.

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се организира јавен час отворен за родителите и другите наставници на кој учениците би имале можност да ги претставаат активностите застапени во текот на учебната година и своите постигања.

- Оценувањето е бројчано.

На крајот од учебната година ученикот полага испит со следната **испитна програма:**

1. една етида
2. една полифона композиција
3. една циклична композиција /соната, свита (минимум 3 става- брз, бавен, брз) или варијации/
4. една композиција со слободна форма.

Целата програма се изведува НАПАМЕТ.
Најмалку една од композициите во програмата мора да биде оригинално пишувана за хармоника.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор и наставни средства за основното музичко училиште донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:
- ги усовршил/а сите елементи предвидени со наставната програма за шесто одделение;
- ги совладал/а, научил/а напамет и ги интерпретира композициите кои ги содржат елементите предвидени со наставната програма;
- има најмалку по еден јавен настап во текот на секое полугодие во учебната година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по хармоника за шесто одделение на основното музичко образование може да ја изведува лице кое завршило:
- факултет за музичка уметност: вокално-инструментален оддел, насока ХАРМОНИКА, степен VII/1.

Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**Изготвил:** Работна група формирана со решение број 02-339/1 од 19.02.2013 година

**Координатор:** м-р Анкица Витанова, советник, Биро за развој на образованието

**Контролирал:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор

**Одобрил**: м-р Весна Хорватовиќ, директор

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Наставната програма по **хармоника** за шесто одделение на шестгодишното основно музичко и балетско образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4983/1
17.09 20 17 год
СКОПЈЕ

на ден ____________________

Скопје

Министер,

____________________

Спиро Ристовски